# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП

Број 4/2026 | 03.04.2026 година | Излегува по потреба


Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/2005 и Службен Весник на РСМ бр.202/2024) и член 38 став 1 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014, 29/2015, 23/2019 и 9/2024), Градоначалникот на општина Пробиштип го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За објавување на актите на Советот на општина Пробиштип**

I. Се објавуват актите од 9-та редовна седница на Светот на Општина Пробиштип одржана на ден 31.03.2026 година во Службен Гласник на Општина Пробиштип и тоа:

1. Одлука за кофинасисрање на општина Пробиштип во Проектот „Регионален центар за згрижување и контрола на популацијата на кучиња скитници и ветеринарно здравство во Источникот плански регион“ бр.26-424/3;

II.Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 08-424/5
03.04.2026 година
Пробиштип

ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ГРАДОНАЧАЛНИК
Тони Тоневски с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/2002 и РСМ бр.202/2024) и член 21 став 1 точка 43 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр. 4/2005, 25/2014, 29/2015 и 23/2019), Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 31.03.2026 година ја донесе следната:

# ОДЛУКА

## За кофинансирање на Општина Пробиштип во Проектот „Регионален центар за згрижување и контрола на популацијата на кучиња скитници и ветеринарно здравство во Источниот плански регион”

Член 1

Со оваа Одлука се одобрува кофинансирање на Општина Пробиштип во Проектот „Регионален центар за згрижување и контрола на популацијата на кучиња скитници и ветеринарно здравство во Источниот плански регион”

Член 2

Средства за проектот „Регионален центар за згрижување и контрола на популацијата на кучиња скитници и ветеринарно здравство во Источниот плански регион” ќе се обезбедат од Програмата за рамномерен регионален развој за 2026 година од Бирото за регионален развој преку Центарот за развој на Источниот плански регион.

Член 3

Вкупната вредност на Проектот „Регионален центар за згрижување и контрола на популацијата на кучиња скитници и ветеринарно здравство во Источниот плански регион” согласно градежно техничката документација изнесува 5.172.760,00 денари.

Член 4

Средства за реализација на проектот ќе се обезбедат од Бирото за рамномерен регионален развој преку Центарот за развој на Источниот плански регион, а општините од Источниот плански регион ќе учествуват со кофинансирање во висина од 13 % од вкупната вредност на проектот.

Општина Пробиштип ќе учествува во кофинансирање на проектот во висина од 61.133,00 деари кои ќе бидат обезбедени од Буџетот на Општина Пробиштип за 2026 година.

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила со објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-424/3
31.03.2026 година
Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Бојан Серафимовски с.р.